Врз основа на Законот за волонтерство („Службен весник на Република Македонија" број 85/2007, 161/2008 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 124/19 и 103/21) и Програмата за волонтирање во Собранието на Република Северна Македонија за 2024 година број 02-2680/1 од 29 мај 2024 година, Собранието на Република Северна Македонија во соработка со Фондацијата за демократија на Вестминстер во рамките на проектот „Практикувај демократија" финансиран од Британската Амбасада во Скопје, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за пријавување на кандидати за волонтирање во Собранието на Република Северна Македонија за 2024 година**

I. Се повикуваат сите заинтересирани кандидати, да се пријават на јавниот повик врз основа на кој се организира волонтерска работа во Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието) за 2024 година.

II. Собранието има потреба од ангажирање на 20 волонтери, кои треба да ги исполнуваат следниве:

а) Општи услови/квалификации за кандидатите:
1) да се државјани на Република Северна Македонија;
2) да не се во работен однос;
3) да имаат најмалку високо образование (прв циклус) или да се студенти во завршна година на студирање на прв или втор циклус на студии;
4) да имаат способност за успешно комуницирање;
5) да имаат способност за добро писмено изразување и истражување и
6) да располагаат со иницијативност, аналитичност и интерактивност;

б) Специфични услови/квалификации на кандидатите:
1) добро познавање на англискиот јазик и работа со компјутери (MS Office, Word, MS Outlook, Internet) и
2) познавање на општествените (политички, правни, економски и социјални) процеси во земјата.

III. Волонтерската работа трае 6 (шест) месеци, за што секој од волонтерите потпишува договор за волонтирање.

IV. Ангажираните волонтери за време на волонтерската работа даваат поддршка на работата на секторите и одделенијата во Службата на Собранието.

V. Заинтересирани кандидати кои сакаат да се пријават за волонтирање во Собранието, треба да приложат уредна документација, која содржи:

1) кратка биографија;

2) мотивационо писмо;

3) копија од уверение/диплома за оние кои имаат завршено високо образование, односно потврда од матичниот факултет за годината на студии кои се посетуваат, со постигнат успех;

4) копија од државјанство.

VI. Потребните документи заинтересирените кандидати можат да ги достават до:

1) Писарницата на Собранието на Република Северна Македонија на Булевар „11 октомври" број 10, 1000 Скопје, или

2) по електронски пат на следнава емаил адреса: **oglas@sobranie.mk**

со назнака:

**„За јавен повик за волонтери во Собранието на Република Северна Македонија"**

VII. Рокот за доставувањето на потребните документи од точката V од овој повик е 10 (десет) работни дена од денот на објавувањето на повикот на веб - страницата на Собранието.

VIII. Селекцијата на кандидатите ќе се врши од страна на Комисија за селекција и избор на волонтери во Собранието за 2024 година, формирана од генералниот секретар на Собранието, врз основа на доставените документи од точката V од овој повик. Кандидатите кои ги исполнуваат условите предвидени во овој повик ќе бидат информирани за времето на спроведувањето на интервјуто во просториите на зградата на Собранието.

IX. Изборот на кандидатите ќе се врши од страна на Комисијата за селекција и избор на волонтери, врз основа на:

1) постигнат успех во образованието;

2) учество на проекти, работилници, студентски програми;

3) општи познавања за работата на Собранието и општи познавања од областа на правните, економските, општествените и политичките науки.

X. При изборот на волонтери кои ќе бидат ангажирани за волонтерска работа, се почитува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници и родовиот баланс.

XI. Дополнителни информации за кандидатите:

1) за периодот на волонтирање организаторот на волонтерската работа на волонтерот му обезбедува и соодветна обука;

2) за давањето на услугите, знаењата и вештините за работите од надлежност на Собранието, ангажираните волонтери имаат право на надоместок на трошоци за храна и трошоците за превоз до и од местото на волонтирањето во висина до 15% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година;

3) по завршување на волонтирањето, Фондацијата за демократија на Вестминстер и Собранието не преземаат обврска за вработување на волонтерите;

4) се известуваат кандидатите дека од веб-локацијата на Собранието www.sobranie.mk можат да ги добијат информациите за функцијата, надлежностите и работата на Собранието.

XII. Овој јавен повик ќе се објави на веб-страницата на Собранието.

Број 04-4300/1
05.09.2024 година
Скопје

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Марина Димовска